# Бомбици во природа

Фичо ќе подготви десерт од состојки што ги понел со себе во природа. Погледнете го видеото за да дознаете како!



Вид на оброк: **Десерт**
Комплексност: **Лесно**
Број на лица: **4 лица**
Време на подготовка: **до 30 минути**

**Состојки:**

- 1 пакување ресани
- какао
- 60 грама путер
- 2 банани
- 1 чаша мелени бисквити
- 100 грама кокос
- неколку бисквит колачиња
- 1/2 чаша суви сливи
- 1/2 чаша млеко

**За ВАЛКАЊЕ ќе ви треба:**

- кокос
- чоколадни трошки

**Чекор 1**

Путерот растопете го во сад. Состојките измешајте ги во поголем сад.

Бананите испасирајте ги со вилушка и додадете ги во смесата.

**Чекор 2**

Месете ја смесата убаво да се соедини.

Ако смесата е мека, додадете мелени бисквити; Ако смесата е многу сува, додадете уште малку млеко, за да добиете смеса која ќе биде лесна за работа.

**Чекор 3**

Од смесата правете бомбици и валкајте ги во кокос или чоколадни трошки.

**Чекор 4**

Сервирајте!

**Совет**

Доколку сакате можете да додадете сечкани јаткасти плодови.

## Користени производи:



Сад за сос

delimano

Ти благодариме што си дел од МоиРецепти заедницата.
Испрати го твојот омилен рецепт на www.moirecepti.mk